Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЧИНИТЕЛИТЕ (ПВЧ)

за

## *ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Република Северна Македонија

Ревидирање бр. 2

~~Октомври~~ Јануари
2025~~19~~ година

**Formatted:** Font: 14 pt

**Formatted:** Font: 14 pt, Macedonian

**Formatted:** Centered, Space Before: 6 pt

**Планот за вклучување на чинителите е подготвен за:**

**„Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор“**

Министерство за финансии

Република Северна Македонија

**Планот за вклучување на чинителите е подготвен од:**

**Тања Томиќ, специјалистка за социјална и родова еднаквост**

## Содржина

1 Вовед ..... 5
1.1 Вовед ..... 5
1.2 Цел на ПВЧ ..... 5
1.3 Обем и структура на ПВЧ ..... 6
2 Опис на проектот ..... 8
3 Опис на административната рамка, рамката на политиките и регулативната рамка ..... 13
3.1 Услови од националното законодавство ..... 13
3.2 Стандарди на Светска банка за животната средина и социјалните аспекти за вклучувањето на чинителите ..... 14
3.3 Вклучување на чинителите ЕСС10 ..... 14
4 Резиме на претходните активности за вклучување на чинителите ..... 16
5 Утврдување и анализа на чинителите ..... 17
5.1 Мапирање на чинителите ..... 17
6 Програма за вклучување на чинителите ..... 25
6.1 Одговорност за спроведување на ПВЧ ..... 25
6.2 Предлог стратегија за објавување информации ..... 26
7 Механизам за жалби ..... 28
**7.1 Дневник на жалби** ..... 30
**7.2 Следење и известување за жалбите** ..... 31
**7.3 Службата на Светска банка за надоместување по жалби** ..... 32
8 Уредување на спроведувањето на вклучувањето на чинителите ..... 32
8.1 Уредување на спроведувањето ..... 32
8.2 Улоги и одговорности ..... 32
9 Управувачки функции ..... 33

**СКРАТЕНИЦИ**

| | |
|---|---|
| ~~АМСМ~~ | ~~Авто мото сојуз на Македонија~~ |
| ДФ | Дополнително финансирање |
| РБСМ | Развојна банка на Северна Македонија |
| ЖССА | Животна средина и социјални аспекти |
| ПОЖС | План на обврски за животната средина |
| ПУЖС | Проценка на влијанијата врз животната средина |
| Фонд за ЕЕ | Фонд за енергетска ефикасност |
| ПОЖССА | План на обврски за животната средина и социјалните аспекти |
| РЖССА | Рамка за животната средина и социјалните аспекти |
| ПВЖССА | Проценка на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти |
| РУЖССА | Рамка за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ПУЖССА | План за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ЕСС | Стандарди за животната средина и за социјалните аспекти |
| пјр | поранешна југословенска република |
| МПЖ | Механизам за постапување по жалби |
| УПЖ | Услуги за постапување по жалби |
| ОПВЖССА | Ограничена проценка на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти |
| ~~ППЛП~~ | ~~Проект за поврзување со локални патишта~~ |
| ЕЛС | Единици на локалната самоуправа |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НВО | Невладина организација |
| СВ | Службен весник |
| БЗР | Безбедност и здравје при работа |
| ДЗС | Други заинтересирани страни |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ~~ЈПДП~~ | ~~Јавно претпријатие за државни патишта~~ |
| ЕСП | Единица за спроведување на проектот |
| ~~СПЛВ~~ | ~~Службеник на провинциските локални власти~~ |
| ~~ПУИУЈС~~ | ~~Проект за управувањето со извршувањето на услугите во јавниот сектор~~ |
| АПР | Акционен план за раселување |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| РПР | Рамка на политиките за раселување |
| ПВЧ | План за вклучување на чинителите |
| СБ | Светска банка |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |

**Formatted:** Macedonian

**Formatted:** Macedonian

# 1 Вовед

## 1.1 Вовед

Овој документ е План за вклучување на чинителите (ПВЧ) и во него се опишуваат планираните консултации и процесот на вклучување на чинителите што се спроведува во рамки на „Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор“ (ПЕЕЈС). Проектот е инициран од централната влада, заедно со Министерството ва Финансии за да се поддржи намалувањето на потрошувачката на енергија во јавниот сектор и да се поддржи воспоставувањето и операционализацијата на механизам за одржливо финансирање на јавниот сектор.

Министерството за финансии предлага распоредување на средства од заем од Светска банка за спроведување активности за енергетско обновување како што се:

- Реконструкција на општински згради;
- Замена на уличното осветлување со ЕЕ осветлување;
- Реконструкција на згради на Министерството за здравство, односно фасади, прозорци, покриви итн. со термичка изолација;
- Воведување ресурси за обновлива енергија во јавните згради и
- Поддршка и формирање Фонд за енергетска ефикасност.

Сите овие активности ќе бидат дел од „Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор“ (ПЕЕЈС) и ќе опфатат само проекти на територијата на Република Северна Македонија.

Во проектот би биле вклучени три компоненти: (1) инвестиции во енергетска ефикасност во јавниот сектор; (2) техничка помош (ТП) и поддршка за спроведувањето на проектот; (3) почетен капитал за предложениот Фонд за енергетска ефикасност (или „Фонд за ЕЕ“).

За да се разрешат потенцијалите проблеми во областа на животната средина и социјалните аспекти согласно Проценката и управувањето на Светска банка со стандарди за животната средина и социјалните аспекти, Министерството за финансии (МФ), како национален надлежен орган ~~ја~~ подготви ~~оваа~~ Рамка за управувањето со животната средина и социјалните аспекти (РУЖССА) за проектот.

Согласно националното законодавство, ќе бидат направени ПВЖССА за конкретните места на изведба на потпроектите, а согласно условите на СБ, за „проектите со значителен ризик“ ќе биде направена првична Ограничена оценка на влијанијата (ОПВЖССА), а за „проектите со умерен ризик“ ќе се пополни чек листа на ПУЖССА. Контролните листи~~те~~ на ПУЖССА ќе бидат јавно објавени и ќе се спроведе консултативен процес во период од 30 дена од објавувањето. Овој инструмент за длабинска анализа ќе осигури дека навремено утврдување на можните ризици/влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, а соодветни мерки за избегнување или за ублажување ќе се предложат и спроведат во фазата на изведба.

## 1.2 Цел на ПВЧ

Вклучувањето на чинителите е инклузивен процес што се спроведува низ животниот циклус на проектот. Кога е соодветно обмислен и спроведен, со него се поддржува развојот на силни, конструктивни и респонсивни врски важни за успешното управување со ризиците од проектот за

животната средина и за социјалните аспекти. Раното, често и јасно комуницирање со чинителите помага да се управува со очекувањата и да се избегнат ризиците, можниот конфликт и одложувањето на проектот. Исто така, планот помага во управувањето со очекувањата на чинителите што ќе има влијание врз целокупниот животен тек на проектот. Со тоа, овој ПВЧ дава план за ефективна интеракција со чинителите за да се поддржат интересите на проектот.

Целите на ПВЧ се утврдување на чинителите на проектот во различни фази на развој и воспоставување нивни правила за управување или за размена на информации помеѓу ЕСП и чинителите согласно националното законодавство и условите на СБ.

Целта на ПВЧ е да се презентира како МФ/ЕСП планираат да комуницираат со чинителите кои може да бидат погодени или кои се заинтересирани за ПЕЕЈС во текот на животниот циклус на проектот. Во него, исто така, се опишува и механизмот за поплаки, кој претставува процес што може да го користат чинителите за да ги изразат своите грижи за проектот, давајќи свои мислења што можат да влијаат врз спроведувањето на проектот и врз неговите резултати.

Според тоа, целта на ПВЧ е да ја подобри вклученоста на чинителите во текот на ПЕЕЈС и да го води ангажирањето на чинителите согласно законите на Република Северна Македонија како и согласно условите на Светска банка. ПВЧ ќе има важна улога за успешното спроведување на ПЕЕЈС.

Во целина, ПВЧ служи за следните цели: а) утврдување и анализа на чинителите; б) планирање модалитети за вклучување и алатка а ефективна комуникација за консултации и објавување; (в) платформи со кои се овозможува влијание врз одлуките; (г) дефинирање на улогата и одговорностите на различните актери во спроведувањето на Планот и (д) механизам за постапување по жалби (МПЖ).

ПВЧ ќе биде објавен пред почнувањето на активностите на проектот.

### 1.3 Обем и структура на ПВЧ

Овој документ претставува водич за тоа како да се вклучи јавноста во сите фази на проектот, од неговото одобрување до неговото спроведување.

Обемот на ПВЧ е наведен во ЕСС10 на Светска банка. Вклучувањето ќе се планира како составен дел од проценката на животната средина и социјалните аспекти за проектот и од проектирањето и спроведувањето на проектот.

Планот за вклучување на чинителите се состои од следните поглавја:

1. Опис на проектот
2. Опис на административната рамка, рамката на политиките и на регулативната рамка
3. Претходни активности за вклучување на чинителите
4. Утврдување и анализа на чинителите
5. Програма за вклучување на чинителите
6. Ресурси и одговорности за спроведување на Планот за вклучување на чинителите

7. Механизам за постапување по жалби

8. Следење и известување

***Ревидирање* на ПВЧ**

По изборот на потпроекти ќе се спроведе ажурирање на ПВЧ (тоа ќе се вклучи како Анекс на овој општ ПВЧ), фокусирајќи се на конкретните општини, ќе се дефинираат јавните расправи, содржината на пакетите за објавување и механизмот за вклучување на чинителите.

Овој ПВЧ првпат беше ревидиран во јули 2024 година со цел да се вклучат одговорностите и улогите за ангажман на чинителите за Компонентата 3 од ПЕЕЈС, почетното финансирање за Фондот за енергетска ефикасност кое треба да се спроведе од страна на Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ).

Второто ревидирање во февруари 2025 година е направено со цел повторно да се потврдат обврските за ангажман на чинителите, процедурите и постапките за имплементација за обезбеденото дополнително финансирање (ДФ) преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) во 2024 година во форма на грант во износ од 2,14 милиони евра за Компонентата 1б, со што ќе овозможи финансирање со мерки за енергетска ефикасност на вкупно 17 здравствени објекти. Имено при изработката на основните проекти за реновирање со енергетски ефикасни мерки на избраните 18 приоритетни здравствени објекти, вкупниот проектиран износ ги надмина првично предвидените 5 милиони евра за Компонентата 1б. Затоа, ЕИП во рамките на Министерството за финансии подготви апликација за дополнително финансирање од WBIF со цел дополнување на буџетот за реконструкција на здравствените објекти со мерки за енергетска ефикасност. Со ова дополнително финансирање ќе се овозможи реконструкција на вкупно 17 здравствени објекти.

## 2 Опис на проектот

Глобалната посветеност на заштитата на животната средина и особено на намалувањето на емисиите на стакленички гасови, зависноста на Македонија од увозот на енергија како и потребата да се осигури поголема разновидност, а со тоа и сигурност на снабдувањето со енергија, недвосмислено бараат поголем удел на обновливите извори на енергија во крајната потрошувачка на енергија. Меѓутоа, паралелно со активностите и мерките со кои се таргетира поголем удел на обновливите извори на енергија, треба да се спроведуваат и мерки и активности за зголемување на енергетската ефикасност на крајната потрошувачка на енергија. Со тоа, многу полесно и побрзо ќе се постигне целниот удел на обновливите извори на енергија во крајната потрошувачка, а истовремено ќе се подобри и конкурентноста на економијата како резултат на намалените трошоци за енергија.

Република Северна Македонија ги има потпишано и ратификувано Договорот за енергетската повелба, Договорот за енергетската заедница, Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатските промени и Протоколот од Кјото. Заедно со потпишувањето на Договорот за енергетската повелба, Македонија го има потпишано и Протоколот за енергетска ефикасност и релевантните аспекти за заштитата на животната средина.

Активностите поврзани со регулирањето на конкретните прашања поврзани со извршувањето на енергетската дејност наведени во Законот за енергетика ги врши Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) на Република Македонија. Регулаторната комисија за енергетика работи и независно донесува одлуки во рамки на надлежностите утврдени со Законот за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика има статус на правно лице.

Советот на општината, односно Советот на Град Скопје, по предлог на градоначалникот и по добивање мислење од Министерството за економија, донесува програма за енергетскиот развој на општината или на градот Скопје. Овие програми се донесуваат за период од пет години и треба да бидат усогласени со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија. Со нив се определуваат начинот и условите во однос на извршувањето на енергетските активности од јавен интерес од локално значење, потребите и изворите на финансирање за нови објекти и за реконструкција и надградба на постојните објекти, постројки и инсталации за вршење енергетска дејност од јавен интерес од локално значење, количествата природен гас и топлина потребни да се задоволи побарувачката на граѓаните и на другите потрошувачи на подрачјето на општините и на градот Скопје како и мерките и активностите за зголемување на енергетската ефикасност и на производството на енергија од обновливи извори.

Со проектот се поддржуваат приоритетите на „Стратегијата за подобрување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година“, поврзани со националните безбедносни и развојни цели, вклучувајќи:

1. Обновливи извори на енергија
2. Одржлив економски развој
3. Конкурентност на економијата

Кои приоритети ќе се постигнат со серија стратешки мерки, вклучувајќи:

- Намалување на зависноста од увозни енергенси и на потрошувачката на енергија за непродуктивни цели.
- Модернизирање на енергетската инфраструктура и диверзификација на снабдувањето со енергија (проширување на мрежата за природен гас претставува важен основен елемент при реализацијата на сите очекувани мерки за енергетска ефикасност).
- Зајакнување на регионалната соработка и исполнување на законските прописи на енергетската заедница.
- Обука за и управување со енергетскиот сектор, вклучувајќи трансфер на технологии (најдобри технологии на располагање - НТР, механизам за чист развој - МЧР).
- Градење на рамка која ќе овозможи подобрувањата на енергетската ефикасност да бидат комерцијално издржани.

**Развојните цели на проектот** се: (i) намалување на потрошувачката на енергија во општинскиот сектор; и (ii) поддршка на воспоставувањето и операционализацијата на одржлив механизам за финансирање во јавниот сектор.

Проектот ќе ги постигне овие цели со овозможување на инвестиции во објекти во сопственост на општините односно владата, како и во користењето на обновливите извори на енергија.

Остварениот напредок во рамките на проектот ќе се следи преку следниве три меѓувремени показатели: (а) проектираните заштеди од инвестициите за ЕЕ во јавните објекти (MWh) во текот на целиот проект; и (б) воспоставувањето и операционализацијата на фондот за ЕЕ; (в) соодветните намалувања на емисиите на $CO_2$ како резултат од енергетските заштеди (еквивалент на заштедени тони $CO_2$); (г) бројот на реновирани системи за осветлување на објекти/улици, (д) буџетски заштеди од инвестициите, (ѓ) број на корисници (расчленети по род), (е) процент на корисници на проектот кои пријавуваат подобрување на нивото на удобност во објектите (расчленети по род), (ж) број на учесници во активности за градење на капацитети (расчленети по род), (ѕ) процент на општини кои користат механизми за вклучување на граѓаните и (и) број на учесници (изведувачи, општински персонал, надзорен персонал) на обука за родова еднаквост.

Компонентите на проектот се:

- Компонента 1: Инвестиции за енергетската ефикасност во јавниот сектор (18 милион евра, МБОР)
- Компонента 2: ТП и поддршка за спроведување на проектот (2 милиони евра, МБОР)
- Компонента 3: Иницијален капитал за фондот за енергетска ефикасност (5 милиони евра, МБОР)

Проектот вклучува три компоненти: (i) инвестиции за енергетска ефикасност во јавниот сектор; (ii) техничка помош (ТП) за поддршка на спроведување на проектот; (iii) иницијален капитал за предложениот Фонд за енергетска ефикасност (или ‚Фондот за ЕЕ’).

**Компонента 1.** Инвестиции за енергетска ефикасност во јавниот сектор (18 милиони евра). Во рамките на оваа компонента се предвидува спроведување на инвестиции (потпроекти) за ЕЕ и обновливи извори на енергија во јавни објекти (општински згради и јавно осветлување и објекти на централните власти. Се очекува дека со овие потпроекти ќе се создадат видливи енергетски заштеди и социјални придобивки, кои пак ќе претставуваат основа за развивање ја одржлив механизам во рамките на предложениот фонд за ЕЕ. Фокусот ќе биде поставен на реновирање на поголеми објекти со високо ниво на потрошувачка на енергија, што најчесто доведува до поголеми енергетски заштеди. Со оваа компонента ќе се поддржи подготвувањето на енергетски ревизии и технички проекти, реновирање, надзор над градежни работи и сертификати за енергетска ефикасност. Централизираната подготвување на работите е важно за да се осигури доследност при изготвувањето на документацијата како и високо ниво на квалитет, со оглед на тоа дека голем број општини имаат ограничена експертиза при прегледување на вакви документи.

**Компонента 1(а)** Инвестиции во енергетска ефикасност во општините (проценет трошок 10 милиони евра). Општините ќе аплицираат за финансирање врз основа на периодични повици за доставување на предлози за реновирање на објекти по нивна надлежност и/или системи за јавно осветлување. Набавките на енергетските ревизии, техничките проекти и надзорот над градежните работи ќе ги спроведе ЕСП без дополнителен трошок за општините. Општините се одговорни за набавка на работите за реновирање и сертифицирање за енергетска ефикасност. Финансирањето ќе се обезбеди преку договори за подзаеми, слично како кај тековната програма за МСИП. Подзаемите најчесто ќе се отплаќаат за периоди од 10 – 13 години. Исто така се постигна согласност дека околу 10% - 20% од инвестициите ќе се обезбедат за општините во вид на грант.

Проектот има за цел поддршка на економични реновирања на квалификувани јавни објекти во општините како и јавно осветлување во надлежност на општините[1]. Предложените критериуми за квалификација на објектите за поддршка вклучуваат: (i) сопственост (или да бидат доделени на) на локалните власти (со исклучок на претпријатија во сопственост на општината, приватни објекти во кои се сместени општински субјекти)[2]; (ii) објектот мора да биде структурно и сеизмички безбеден[3], да нема целосно реновирање за ЕЕ во изминатите 10 години и да биде стар најмалку 10 години; (iii) да не се планира преселба на канцелариите, затворање, рушење односно приватизација на објектот и (iv) да има доволна стапка на

[1] Јавното осветлување вклучува улично осветлување, семафори, осветлување на паркиралишта, паркови и знаци.

[2] Меѓутоа, одредени јавни објекти поврзани до одбраната или полицијата (на пример: затвори) не се квалификуваат за добивање на поддршка поради ограничувањата на Светска банка.

[3] Воведена е нова регулатива по земјотресот во Скопје во 1963 година и сите објекти изградени по донесувањето на новата регулатива генерално се усогласени со нејзините одредби. Нацрт техничките проекти ги прегледува, надгледува и одобрува ИЗИИС (*Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија*). Во случај доколку градежните дозволи и сеизмичките сертификати не се достапни, ЕСП може да вклучи инженерска сеизмичка проценка заедно со енергетската ревизија. Доколку се утврдат недостатоци, овие трошоци можат да бидат вклучени во трошоците за реновирање доколку периодот на отплата е пократок од 15 години. Ако не, објектите ќе бидат отстранети од Проектот.

искористеност (на пример: најмалку 50% од проектираниот капацитет на објектот се користи). Квалификуваните општини треба да имаат доволен капацитет за задолжување за да земат кредит од Проектот за предложениот потпроект. Предложените квалификувани инвестиции треба да вклучуваат мерки за изолирање на објектот од надворешните влијанија (изолација на покрив/ѕидови прозорци, врати), системи за затоплување/ладење, затоплување на вода, пумпи/вентилатори и осветлување. Исто така, може да се вклучат и одредени ставки поврзани со обновливи енергии (на пример: фотоволтаик за на покрив, затоплување на биомаса, затоплување на вода на сончева енергија, геотермални односно воздушни топлински пумпи) доколку ги задоволуваат економските критериуми и доколку се користат главно за намалување на потрошувачката на електрична енергија/енергенси на објектот (а не за производство на електрична енергија за продажба на мрежата). Ограничен износ на средства (на пример: 10%) можат да се наменат за мерки кои не се поврзани со ЕЕ (на пример: поврзување, мали структурни поправки, боење, сеизмичка безбедност итн.). Проектот има за цел да обезбеди минимални технички стандарди на реновираните објекти (т.е. енергетски стандард од класа Ц или повисок) и предвидува инвестициски трошоци од најмалку 50.000 евра, но не повеќе од 500.000 евра и максимален период на отплата 12 – 15 години (или друг период доколку Светска банка така се согласи). Постапките за утврдување на објектите, подредување по приоритет и избор на објектите ќе бидат финализирани во Оперативниот прирачник на проектот (ОПП).

**Компонента 1б.** Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централните власти на Министерството за здравство (5 милиони евра). Во рамките на оваа компонента, инвестициите за ЕЕ и за обновливи енергии ќе бидат спроведени во јавни објекти со кои управуваат централните власти, со фокус на во здравствениот сектор. Министерството за здравство (МЗ) го потврди својот интерес да учествува во Проектот и да ги утврди објектите кои ќе се реновираат. Во јуни 2023 година, Министерството за финансии обезбеди дополнително финансирање (ДФ) преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) во форма на грант од 2,14 милиони евра за оваа Компонента, што ќе придонесе за финансирање на реконструкцијата со мерки за енергетска ефикасност на вкупно 17 здравствени објекти.

**Компонента 1в.** Технички студии за поддршка на инвестициите (3 милиони евра). Оваа компонента ќе го поддржи прегледот на проектите, деталните енергетски ревизии, техничките проекти и техничките спецификации, како и градежниот надзор за инвестициите спроведени во рамките на Компонентите 1а и 1б. Исто така, тука се предвидуваат и техничките проценки потребни за соодветно отстранување на сите опасни материјали од реновирањето, како и нивно депонирање.

**Компонента 2.** Техничка помош и поддршка при спроведувањето (2 милиони евра). Нацрт законот за енергетска ефикасност, кој содржи одредба за воспоставување на предложениот фонд за ЕЕ, беше одобрен од страна на владата е поднесен во собранието и се очекува да биде донесен пред крајот на 2019 година. Оваа компонента ќе се користи за изготвување соодветните подзаконски акти, дополнителните стратегии и планови како и законските и подзаконските регулатива за воспоставување на предложениот фонд за ЕЕ. Беше постигната согласност за следниов индикативен список на активности за техничка помош (ТП): (i)

воспоставување на правен основ за воспоставување на предложениот фонд за ЕЕ (да биде субјект во државна сопственост кој ќе нуди финансирање и услуги за поддршка на

реновирањето на јавни проекти за ЕЕ, како на централно така и на општинско ниво) вклучувајќи и нацрт законски прописи/регулативи, структура на управување и институционална поставеност, (ii) преглед и подготовка на обрасци за различните финансиски инструменти (на пример: кредити, договори за енергетски услуги, парцијални грантови итн.), како и други понудени услуги (на пример: набавка на ревизија/проект) од страна на фондот за објекти на централните односно општинските власти, проценка на побарувачката и капацитетот за апсорпција на пазарот, потенцијал на некредитни инструменти (во согласност со македонското законодавство за јавен долг), отплати, ризици итн., како и правниот основ за договори за финансирање со квалификувани јавни институции за да се обезбеди одржливост, (iii) формулирање на 5 годишен план за вработување и за инвестирање во Фондот, вклучувајќи и потенцијален редослед на проекти за првата година од работењето и детални оперативни постапки; (iv) поддршка за изготвување на пошироко секундарно законодавство за ЕЕ и понатамошен развој на пазарот за ЕЕ. Иако конкретните области ќе се потврдат откако ќе се донесе законот за ЕЕ, сепак индикативниот список на можности ги содржи следниве работи: (i) ажурирање на правилниците за ЕЕ за објекти и градежни сертификати, (ii) поддршка за законски прописи за здруженија на станари за да за да се овозможи комерцијално задолжување и потпишување на договори за реновирање на објекти, (iii) развивање на долгорочна стратегија за реновирање на објекти (согласно со обврските во рамките на ревидираната директива на ЕУ за енергетска ефикасност на објекти), (iv) регулативи за нето мерење на покривните фотоволтаични инсталации на јавни и станбени згради, (v) други области кои ќе ги побара Министерството за економија, (v) насочени информативни кампањи за и обука на чинителите на пазарот за ЕЕ (на пример: енергетски контролори, проектантски фирми, градежни компании, ЕСКО компании, инспектори за ставање во употреба) за да се осигури соодветна побарувачка од страна општините, техничка стручност и извлекување на поуки од првите проекти, и (vi) поддршка за спроведување на проектот и ЕСП, вклучувајќи и заштитни механизми, родова вклученост и учество на граѓаните, следење на проектот и поднесување извештаи, консултанти за изготвување на ДОП итн.

**Компонента 3.** Иницијален капитал за предложениот фонд за ЕЕ (5 милиони евра). Со цел да се осигури дека фондот за ЕЕ ќе се формира во текот на животниот циклус на проектот, како и за да се осигури дека, по неговото формирање, фондот ќе има инвестициски капитал на располагање, беше постигнат согласност дека ќе се издвојат 5 милиони евра кои фондот ќе може да ги користи по неговото формирање. Овие средства ќе се користат за поддршка на трошоците за фондот за ЕЕ за персонал, за работење, маркетинг, како и иницијални контроли/проекти/инвестиции. Средствата ќе се користат само откако фондот за ЕЕ ќе биде основан формално правно, одборот на директори на фондот и на Светска банка ќе ги усвојат оперативните процедури (оперативниот прирачник), одборот и Светска банка ќе го одобрат планот за инвестиции и вработување, фондот ќе биде опремен со минимално потребниот број на вработени за да може делотворно да работи и откако Светска банка ќе спроведе проценка на техничките, фидуцијарните и заштитните капацитети на фондот.

# 3 Опис на административната рамка, рамката на политиките и регулативната рамка

## 3.1 Услови од националното законодавство

Согласно *Законот за животната средина*[4], активностите за објавување и јавна расправа треба да се спроведуваат во текот на целокупната постапка за проценка на влијанијата врз животната средина. Релевантните постапки за објавување и за консултации ги опфаќаат следните чекори:

- Јавноста се известува за деталите за објавувањето на нацрт планот/документот (каде ќе биде оставен печатен примерок за разгледување, датумите и времето кога може да се види) преку медиумите, граѓаните/организациите се повикуваат да испратат коментари и/или да присуствуваат на консултациите со јавноста;
- Консултациите со јавноста се одржуваат во соодветна локална просторија и тогаш се презентира планот/документот;
- Се обработуваат коментарите добиени од сите чинители и планот се ревидира согласно нив.

Во **процесот на развој и усвојување на документите за урбанистичко и просторно планирање** (согласно *Законот за урбанистичкото и просторното планирање*[5]*)*, мора да се извести и консултира јавноста.

Согласно Законот за градење (СВ на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14) – Одлуката за одобрување на Извештајот за ПВЖС е предуслов за одобрување на инфраструктурни проекти.

Со членот 16 од Уставот на Македонија се гарантира „пристап до информации и слобода на примање и пренос на информациите“.

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 48/15, 55/16, 64/18) им се овозможува на поединци и на правни лица да добиваат информации од државните и од општинските органи и од сите други што извршуваат јавни функции.

Во 1999 година, пјр Македонија ја ратификуваше **Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата во прашања од животната средина.** Со Архуската конвенција на јавноста и се даваат права во однос на пристапот до информации, учество на јавноста и пристапот до правдата, во процесот на одлучување на властите за прашања од локалната, националната и прекуграничната средина. Во членот 2(в) од Конвенцијата се наведува дека „Конвенцијата се применува не само на властите од сите нивоа туку и на „сите други физички и правни лица што имаат јавни одговорности или функции или даваат јавни услуги во однос на животната средина, под контролна на [јавен орган].“ Согласно Конвенцијата, компанијата треба: да одговори на барањата на јавноста за информации за животната средина (секој може да поднесе барање, без разлика на државјанството, жителството или престојувалиштето); редовно ги прибира и ги објавува информациите за животната средина и ја известува јавноста дека тие информации се достапни и дава информации за итни ситуации.

[4] Службен весник на пјр Македонија бр. 53/2005, со најновите измени и дополнувања во 99/18
[5] Службен весник на пјр Македонија бр. 199/14, со најновите измени и дополнувања во 163/16

## 3.2 Стандарди на Светска банка за животната средина и социјалните аспекти за вклучувањето на чинителите

Светска банка има развиено Рамка за животната средина и социјалните аспекти во кои се утврдува посветеноста на Светска банка на одржливиот развој преку политиките на Светска банка и групата Стандарди за животната средина и социјалните аспекти што се направени за поддршка на проекти на заемопримачите со цел ставање крај на екстремната сиромаштија и промовирање на заедничкиот просперитет. Стандардите за животната средина и социјалните аспекти (ЕСС) ги пропишуваат задолжителните услови што се однесуваат на заемопримачот и на проектите. Тие претставуваат група задолжителни насоки и упатства со главна цел поттикнување на ефикасното и ефективното утврдување и ублажување на потенцијалните неповолни влијанија врз животната средина и социјалните аспекти што можат да се случат во развојните проекти со соодветно ангажирање на чинителите и одржливо управување.

## 3.3 Вклучување на чинителите ЕСС10

СБ пропишува сеопфатна група конкретни Стандарди за животната средина и социјалните аспекти (ЕСС) кои се очекува да бидат исполнети од проектите. Вклучувањето на чинителите согласно условите на Светска банка е поврзано со ЕСС10 во кој се признава „важноста на отвореното и транспарентното ангажирање на заемопримачот со чинителите на проектот, како основен елемент на добрата меѓународна практика.“ Конкретно, условите пропишани со ЕСС10 се:

- „Заемопримачите ќе се ангажираат со чинителите во текот на животниот циклус на проектот, почнувајќи со тие ангажмани што е можно порано во процесот на развој на проектот и во временски рамки што овозможуваат соодветни консултации со чинителите на дизајнирањето на проектот. Природата, обемот и зачестеноста на вклучувањето на чинителите ќе бидат пропорционални на природата и обемот на проектот како и на неговите потенцијални ризици и влијанија.
- Заемопримачите ќе се ангажираат во соодветни консултации со сите чинители. Заемопримачите на чинителите ќе им обезбедат навремени, релевантни, разбирливи и пристапни информации и ќе се консултираат со нив на културно соодветен начин без манипулации, мешање, присила, дискриминација и заплашување.
- Процесот на вклучување на чинителите ќе го вклучи следното, а понатамошни детали се пропишани со ЕСС: (i) утврдување и анализа на чинителите; (ii) планирање како ќе се спроведе вклучувањето на чинителите; (iii) објавување на информации; (iv) консултации со чинителите; (v) справување и одговор на жалбите и (vi) известување на чинителите.
- Заемопримачот, како дел од проценката на животната средина и социјалните аспекти, ќе води документирана евиденција за вклучувањето на чинителите, вклучувајќи опис на чинителите со кои се направени консултации, резиме на добиените одговори и кусо објаснување како тие се земени предвид или причините зошто не се.“ (Светска банка, 2017: 98).

Заемопримачот треба да направи План за вклучување на чинителите, пропорционален на природата и на обемот на проектот и на неговите потенцијални ризици и влијанија. Тој треба да се објави што е можно порано и пред оценката на проектот, а Заемопримачот треба да побара

мислење од чинителите за ПВЧ, вклучувајќи и за утврдувањето на чинителите и за предлозите за идно вклучување. Ако се направат значителни промени на ПВЧ, заемопримачот мора да објави ажуриран ПВЧ.

# 4 Резиме на претходните активности за вклучување на чинителите

Министерството за финансии/ЕСП МСИП во периодот јуни – септември 2019 година организираше состаноци со соодветни општини во секој плански регион за да го презентира проектот и да дискутираат за нивните интереси. Секој плански регион, вкупно осум, беше домаќин на состанок на кој беа поканети градоначалникот и претставник за ЕЕ. Општините главно беа заинтересирани за видот на активностите/работите на потпроектот што се квалификуваат за финансирање, постапката за поднесување пријави и постапките за спроведување на проектот. Исто така, општините се интересираа дали би можеле да се финансираат мерки што не опфаќаат ЕЕ како што се реновирање на тоалети, подобрување на пристапноста итн.

Претставниците на Министерството за финансии/ЕСП МСИП организираа повеќе состаноци со претставници на Министерството за здравство за да разговараат за критериумите за квалификување за избор на згради за обновување. Најголем потенцијал за заштеда на енергија има кај здравствените објекти. Министерството за здравство работи на утврдувањето и избра 30 приоритетни орот на згради што би биле предмет на реконструкција за подобрување на енергетската ефикасност. По сеизмичкиот скрининг, 18 згради беа позитивно оценети за продолжување на процесот за реконструкција со мерки за ЕЕ. Во текот на изработката на комплетната техничка документација одржани беа 2 клучни консултативни состаноци со Одборите на корисници кои беа формирани од корисниците на здравствените објекти. На овие состаноци се разговараше за клучните прашања поврзани со реконструкцијата со мерки за енергетска ефикасност со цел да се разберат планираните градежни активности и придобивките од истите, како и да се подготват прифатливи планови за работа за медицинскиот персонал со што ќе се обезбеди континуитет во здравствената заштита на пациентите и ќе се ублажат потенцијалните влијанија. Исто така, ПУЖССА за сите 18 објекти беа објавени на веб-страницата на Министерството за финансии и Министерството за здравство. Организирани беа и две јавни расправи во јуни и јули 2023 година, што дава можност за пошироко учество на јавноста во овој консултативен процес.

Во септември, ЕСП одржа состаноци со Министерството за животна средина и просторно планирање и со националните и регионалните стопански комори како и со ОГО што работат на полето на енергетиката.
При подготовката на техничката документација (правна, институционална, економска и финансиска изводливост) пред формирањето на Фондот за ЕЕ, претставниците од МФ организираа консултативен состанок со чинителите во септември 2022 година со сите оние кои се вклучени во областа на енергетската ефикасност со цел да се претставаат сите можни опции за формирање на Фондот за ЕЕ. По консултациите, Владата одлучи да продолжи со опцијата број 2, формирање на Фонд за ЕЕ во рамките на РБСМ. Во текот на 2023 и 2024 година беа подготвени потребните документи за имплементација на овој концепт (Бизнис план, Стратегија и Оперативен прирачник) и тоа беше направено во консултација со сите чинители и релевантни институции (Министерство за економија, РБСМ, Министерство за финансии).

# 5 Утврдување и анализа на чинителите

Со ЕСС10 на СБ се признаваат две широки категории чинители:

- Страни погодени со проектот
- Други заинтересирани страни
- Онеправдени/ранливи поединци или групи

Страните погодени со проектот ги вклучуваат оние што веројатно би биле погодени од проектот поради реалните влијанија или потенцијалните ризици за нивното физичко опкружување , здравје, сигурност, културни практики, добросостојба или начин на живот. Овие чинители може да бидат поединци или групи, вклучувајќи ги локалните заедници. Тоа се поединците или домаќинствата што најверојатно ќе забележат/почувствуваат промени од влијанијата на проектот врз животната средина или социјалните аспекти.

Терминот „други заинтересирани страни“ (ДЗС) се однесува на поединци, групи или организации со интерес во проектот, што може да биде поради локацијата на проектот, неговите карактеристики, неговите влијанија или прашањата поврзани со јавниот интерес. На пример, овие страни може да бидат регулатори, владини функционери, приватниот сектор, научната заедница, академската заедница, синдикатите, организациите на жени, други организации на граѓанското општество и културни групи.

Особено е важно да се разберат влијанијата на проектот и дали може непропорционално да ги погодат онеправдените или ранливите поединци или групи кои често немаат глас во изразувањето на нивните грижи или не ги разбираат влијанијата на проектот.

Ранливите поединци или групи за ПЕЕЈС – (лица со низок социјален стандард – невработени лица, самохрани родители, лица со попреченост, стари лица, Ромите, индивидуалните земјоделци) од погодените општини и околните населби. Оваа група луѓе се информираат за активностите на проектот во нивните населби преку општинските или локалните совети, месните заедници и општините. Во однос на присуството на јавните дебати, може да биде проблем во летните месеци бидејќи за поголем дел од населението во руралните области земјоделството е главна дејност и генератор на приходи. Потребно е да се направи анализа на секоја општина одделно во однос на претставувањето на ранливите групи, постоењето на НВО, медицинскиот персонал што работи со луѓето со попреченост, а потоа да се применат соодветни мерки во согласност со потребите на ранливите лица во секоја општина и да се добие нивното мислење за активностите на проектот.

## 5.1 Мапирање на чинителите

Чинителите се дефинираат како поединец/институција (агенција)/организација што може да влијае врз или да биде погоден од ПЕЕЈС.

За да се дефинира процесот на комуникации со чинителите, утврдени се повеќе групи што можат да бидат заинтересирани и/или погодени со спроведувањето на проектот и тие се презентирани во Табела 1.

Причината е дека постојат разни прашања што веројатно ќе засегаат различни чинители и поради тоа различните видови чинители се групирани врз основа на нивното влијание врз проектот.

Раното разбирање на влијанијата на врските врз групите чинители на проектот помага во утврдувањето на клучните цели на вклучувањето. Во тој поглед, направено е мапирање на чинителите за да се утврди важноста на секој чинител, да се процени влијанието што го имаат чинителите врз проектот и/или начинот на кој активностите на проектот потенцијално ќе влијаат врз чинителите. Како ќе еволуира проектот, може да се утврдуваат и да се вклучуваат други групи чинители.

Чинителите имаат одговорности според кои се поделени во одделни групи, различните одговорности за секоја група се опишани во истата табела 1.

Табела 1 Релевантните чинители и нивните одговорности за ПЕЕЈС.

| Категорија чинители | | Подгрупа/Одделение или сектор | Одговорности |
|---|---|---|---|
| Погодени лица | **Власти и регулативни тела и јавни компании** | Министерство за финансии,<br>Министерство за здравство,<br>Министерство за локална самоуправа,<br>Министерство за економија,<br>Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини<br>Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>Министерство за труд и социјална политика,<br>Државен инспекторат за труд,<br>Државен инспекторат за животна средина,<br>Регулаторна комисија за енергетика,<br>ЗЕЛС<br>Развојна банка на Северна Македонија | Координација и спроведување на проектот<br>Учество во консултациите за спроведувањето на поткомпонентата<br>Учество во советодавниот одбор<br>Учество во консултациите за спроведувањето на поткомпонентата<br>Учество во консултациите за имплементација на под-компонентите<br>Учество во советодавниот одбор на проектот<br>Учество во советодавниот одбор на проектот<br>Поддршка за спроведувањето на стандардите за труд и работни услови<br>Поддршка за спроведувањето на националното законодавство поврзано со ПУЖС<br>Учество во советодавниот одбор на проектот и поддршка на компонентите два и три<br>Учество во советодавниот одбор на проектот<br>Основање и раководење со Фондот за ЕЕ<br>Подготовка на документи за Комитетот за енергетска ефикасност<br>Спроведување на добра градежна пракса, мерки за здравствена заштита и безбедност и заштита на животната средина,<br>Брза интервенција и отстранување на последиците од несакани инциденти,<br>Ефикасно и навремено извршување на градежните работи.<br>Учество на потребни обуки |
| Погодени лица | **Заедница** | Жителите на општините/населбите каде ќе се спроведуваат активностите на проектот<br>Секојдневните корисници на јавните згради (ученици, наставници, болнички персонал, пациенти, административни работници итн.)<br>______________________________________________<br>Изведувачи на активностите за изведба/реконструкција<br>Добавувачи на стоки и услуги | Учество релевантно за МФ за ефикасно спроведување на ПЕЕЈС,<br>Активно учество во текот на подготовката и спроведувањето на проектот.<br>______________________________<br>Спроведување на добри градежни практики, мерки за БЗР и за заштита на животната средина,<br>Брза интервенција и елиминација на последиците од неповолните инциденти,<br>Ефикасно и навремено извршување на |

| Категорија чинители | | Подгрупа/Одделение или сектор | Одговорности |
|---|---|---|---|
| | | ______________________________________________<br><br>Лица со попреченост/ранливи групи (лица со низок социјален стандард – невработени лица, самохрани родители, лица со попреченост, стари лица, Ромите, индивидуалните земјоделци) | градежните работи.<br>Учество на потребните обуки<br>___________________________<br>Изразување на нивните мислења, сугестии и конкретни предлози во текот на подготовката и спроведувањето на активностите на потпроектот<br><br>Техничките проекти и предлозите на активности ќе бидат со групата на корисници, ќе се обезбедат одговори односно прашања за физичкиот пристап |
| Погодени страни | **Локални и регионални власти** | ЗЕЛС<br>Општините<br>Локалните заедници<br>Јавните претпријатија<br>Здравствените установи | Поддршка за МФ и ЕСП во спроведувањето на ПЕЕЈС,<br>Усвојување на техничка документација за спроведување на проектот;<br>Донесување одлука за одобрување на Извештајот/елаборатот за ПВЖС,<br>Обезбедување на потребните дозволи,<br>Надзор над градежните активности,<br>Осигурување соодветен пристап за населението до неговите домови,<br>Обезбедување алтернативни решенија додека се извршуваат активностите на проектот,<br>Осигурување целосно спроведување на БЗР и на стандардите за животната средина во текот на градежните активности. |
| Погодени страни | **Финансиски институции и приватни компании** | Светска банка<br>Финансиските институции<br>ЕВН Македонија (компанијата за дистрибуција на електрична енергија)<br>Мрежите на мобилните оператори<br>Добавувачи на опрема<br>Превозници<br>Изведувачи/даватели на консултантски услуги | Обезбедување финансиска поддршка за реализација на проектот,<br>Го следат спроведувањето на стандардите за БЗР и на стандардите за животната средина во сите фази на проектот,<br>Учество на јавноста согласно ЕСС10 на СБ<br>Спроведување на стандардите за БЗР и на стандардите за животната средина во сите фази на проектот. |
| Други заинтересирани страни | **Невладини организации и професионални здруженија** | Национални и локални НВО што работат во областа на животната средина и социјалните аспекти | Го следат спроведувањето на ПЕЕЈС и покренуваат прашања во однос на прашањата за животната средина и социјалните аспекти што треба да се надминат со фокус на родовите прашања. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Други заинтересирани страни** | **Други заинтересирани чинители** | Медиуми<br>Јавноста<br>Работниците и нивните синдиката<br>Коморите во РСМ | Публицитет на проектот преку ТВ станици, радио станици, социјалните медиуми, весниците<br>Обезбедување информации за динамиката на извршувањето на активностите на проектот,<br>Обезбедување информации за одложувањата на одредени потпроекти во текот извршувањето на активностите од проектот,<br>Професионални и ефикасно извршување на активностите на проектот во согласност со Динамичкиот план. |

Листата на чинители ќе биде постојано ажурирана во текот на спроведувањето на проектот и тие ќе бидат вклучени во ПВЧ.

МФ ќе ги разгледа различните прашања со секоја група чинители во зависност од нивната улога, одговорност и важност како чинители. Следната табела ги содржи главните прашања што ќе бидат разгледани со различните чинители.

Слика 1 Клучни прашања што треба да се разгледаат со различните групи чинители

**Заедница**

* Информации за природата на проектот, за времетраењето на проектот, за потенцијалните влијанија врз животната средина, социјалните и економските влијанија.
* Прифатливи обрасци на жалби и поплаки.
* Можни опструкции на влезот во станбени куќи или во јавни згради.
* Во текот на активностите за надградба/реконструкција машините и тешките возила ќе создаваат бучава што може привремено да го погоди локалното население.
* Дискусии за безбедноста на работниците и на корисниците.
* Информации за користењето на зградата за прилагодување на новите околности.
* Состанување со одговорните лица од ЕСП за поднесување на нивните поплаки/предлози
* Предлагање отворен дек во ЕСП за локалните жители и за други чинители
* Прашања за надоместувањето

**Релевантни органи на власта, министерства и јавни институции**

* Придржување до националните прописи (постапка за ПВЖС)
* Планирање подготовка на техничка документација
* Издавање дозволи, согласности и мислења во согласност со локалното законодавство, контрола на придржувањето на националното законодавство
* Заштита на животната средина и БЗР
* Здравје и безбедност на работниците и на локалното население
* Спроведување мерки за спречување на загадувањето од проектите
* Инспекција на градилиштата
* Поддршка на локалната економија преку вклучување на МСП од локалните заедници во рамките на проектните области
* Зголемување на локалната и регионалната економија преку подобрена патна инфраструктура.
* Постапки за работната сила

**Заинтересирани невладини организации (НВО)**

* Дискусија за мерките за спречување на загадувањето и за заштита на животната средина и на човековото здравје
* Одржливо користење на природните ресурси
* Организирање состаноци за консултации со јавноста и поединечни состаноци за консултации кога се потребни за тие прашања
* Сите организации заинтересирани за проектот можат да ги испратат своите детали за контакт до ЕСП за да бидат ставени во табелата на НВО и да бидат директно известувани за настаните на проектот.
* Здравје и безбедност на заедницата
* Вработување на локалното население од населбите во околината на локациите на проектот
* Спроведување на механизам за пријавување на родова дискриминација на работното место, негова примена и следни активности

**изведувачи/подизведувачи?консултанти пред и за време на фазата на изведба**

* Безбедни и здрави услови за работа
* Постапки за работната сила
* Квалитет на работата на изведувачите/подизведувачите
* Квалитет на резултатите на консултантите
* Обврска за обезбедување лична заштитна опрема за вработените
* Прифатливи обрасци за поднесување жалби за работниците со особен акцент на родовата дискриминација на работното место
* Услови за вработување вклучувајќи плати, работно време, плаќање на прекувремената работа, бенефиции (отсуство заради болест или празник)
* Обврска за учество во одредени обуки/работилници
* Времетраење на градежните работи
* Можни одложувања на работите
* Алтернативни траси во текот на градежните активности

**Изведувачи или подизведувачи на изведбата и на надзорот на работите и нивни вработени**

* Изведба согласно главниот проект и со почитување на мерките пропишани во документите во однос на заштитата на животната средина, БЗР и работните услови на проектот
* Тендерска постапка и релевантни прашања
* Безбедност и здравје при работа (ЛЗО за сите лица на градилиштето, лиценца за работа или за возење на специјални возила, обука за прва помош, комплети за прва помош на градилиштето, противпожарна опрема итн.)
* Надзор во текот на градежните активности
* Комуникација со локалното население за прашања поврзани со градежните активности (на пример, можни одложувања и алтернативни траси во текот на градежните активности, брзина на возење, безбедност на возилата, бучна механизација итн....)
* Соодветна сигнализација на местата на проектот
* Известување

21

Ќе се користат повеќе начини на комуникации соодветни за секој од чинителите. Генерално, тие опфаќаат: а) јавни и поединечни состаноци, б) објави во медиумите, в) обезбедување општи информации на огласни табли на јавни локации, г) редовна поштенска и електронска кореспонденција и објавување на релевантни информации за проектот на интернет страницата на министерството за финансии и РБСМ.

За различните групи чинители ќе се користат различни техники во сите фази на проектот и тие се детално опишани во Табелата 2.

Табела 2 Техники за ПВЧ за секоја група чинители

| **Група чинители** | **Техника за вклучување** | **Фаза на проектот** |
|---|---|---|
| **Заедницата** | ▪ Објавување информации за нивото, времето и траењето на планираните работи и било какви очекувани прекини и непријатности на централната огласна табла во канцелариите на општините или во здравствените установи најмалку две седмици пред почетокот на градежните работи, | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот |
| | ▪ Состаноци за консултации со јавноста и состаноци со поединци, ако се потребни, | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Информирање преку медиумите – радио/ТВ/социјални медиуми (огласи), | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Директни информации преку локалните власти<br>▪ Комуникации преку огласни табли (поставени на соодветни места) и ставање на информациите/известувањата за проектот таму | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| | ▪ Групни состаноци со жителите/вработените или други групи што секојдневно ги користат зградите | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| | ▪ Директна комуникација со жителите, компаниите, вработените или други групи што секојдневно ги користат зградите итн., | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |

| Група чинители | Техника за вклучување | Фаза на проектот |
| --- | --- | --- |
| | | ▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| | ▪ Директни информации преку лице за контакт одговорно за спроведување на ПВЧ. | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| **Релевантни органи на власта, министерства и јавни институции** | ▪ Официјална кореспонденција | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| | ▪ Состаноци, јавни расправи | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Состаноци еден на еден. | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |
| **Заинтересирани невладини организации (НВО)** | ▪ Состаноци за консултации со јавност и консултации со поединци, според потребите<br>▪ Директна комуникација по електронска пошта<br>▪ Соопштенија за медиумите/печатот. | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи<br>▪ За време на функционирањето на реконструираната зграда |
| **Вработени во компании и синдикати** | ▪ Внатрешните канали за комуникација во компанијата,<br>▪ Обуки, според потребите. | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот<br>▪ За време на градежните работи |
| **Изведувачи или подизведувачи на изведбата и на надзорот на работите и нивни вработени** | ▪ Информации преку тендерската постапка и договорите | ▪ Пред почнување на спроведувањето на активностите на потпроектот |
| | ▪ Комуникации преку надзорните инженери | ▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Неформални разговори на градилиштата на теми за здравјето и безбедноста | ▪ За време на градежните работи |
| | ▪ Месечни извештаи за напредокот на работите што треба да ги поднесуваат изведувачите во текот а градежните работи | ▪ За време на градежните работи |

| Група чинители | Техника за вклучување | Фаза на проектот |
| --- | --- | --- |
| | - Обуки. | - За време на градежните работи |

Во текот на целокупното траење на проектот треба да се зема предвид родовата, етничката и културната различност на граѓаните, особено за нивното вклучување во проектот и за организирањето состаноци и јавна расправа.

Следните активности ќе се спроведат пред секој настан за вклучување на чинителите:

- Избор на поединечни чинители кои ќе се вклучат;
- Избор на начини за објавување на информациите (вклучувајќи теми како што се формата, јазикот и времето);
- Избор на локацијата и времето за настанот (избегнување на работното време кога се зафатени и денови/време кога може да се случуваат посебни настани поради етнички и културни прашања);
- Договарање механизми за обезбедување присуство на чинителите на настанот;
- Утврдување и спроведување на механизми за повратни информации што ќе се користат.

## 6 Програма за вклучување на чинителите

Активностите за вклучување на чинителите ќе се одвиваат во текот на целокупниот животен циклус на проектот (подготовка, изведба и функционирање на проектот).

За ПЕЕЈС и Фондот за ЕЕ, чинителите ќе се вклучат што е можно порано и нивната вклученост ќе продолжи во текот на планирањето, спроведувањето и додека не заврши проектот.

Природата и зачестеноста на следите консултации ќе биде во зависност од потпроектите што ќе се развијат.

Пред почетокот на ПЕЕЈС, сите погодени страни ќе бидат известени за обемот на проектот и за информациите за контактот на кој може да му ги упатат барањата за повеќе информации. Ќе бидат известени и за достапноста на информации од јавен карактер на интернет страницата на МФ како и на огласните табли, интернет страниците и социјалните медиуми на општините.

Клучните принципи за комуникација се:

- Заедницата и клучните чинители постојано да бидат однапред информирани за напредокот на проектот.
- Да се охрабрува учеството на заедницата.
- Да се осигури дека нема да има „изненадувања" за клучните чинители и за заедницата.
- Да се слушнат одговорите, да се истражат сугестиите и кога е можно да се усвојат.
- Транспарентност.

Тимот на ПЕЕЈС признава дека отвореноста, слушањето на заедницата и осигурувањето дека заедницата ги разбира предложените начини и рокови за изведба е најдобриот пристап кон градењето ефективни врски со заедницата за да се помогне влијанијата на проектот да бидат што е можно помали.

Продуктивните врски со општините и со специјалистите за животна средина и за социјални аспекти ќе помогнат тимот на ПЕЕЈС да ги минимизира влијанијата поврзани со проектот. Тимот на ПЕЕЈС редовно ќе контактира со општините (заемопримачите) за да дискутира за работите што ќе влијаат врз пристапот на вработените и на корисниците, текот на дневната работа, урбанистичкиот проект и за други прашања што би можеле да бидат од интерес или би можеле да влијаат врз локалната заедница.

### 6.1 Одговорност за спроведување на ПВЧ

Постојната ЕСП ~~МСИП/МСИП 2~~ПЕЕЈС во Министерството за финансии ќе биде одговорна за целокупното спроведување на ПЕЕЈС, вклучувајќи го и спроведувањето на овој ПВЧ. Фондот за енергетска ефикасност во Развојната банка на Северна Македонија ќе биде одговорен за имплементација на Компонента 3. Во ЕСП работат ~~директот~~ главен координатор на проектот и службеници во ЕСП.
ЕСП/Сектор за Фондот за ЕЕ во рамките на РБСМ ќе биде одговорна за спроведувањето на документот ПВЧ за време на исплатата за компонентата 3 од ПЕЕЈС.

Специјалистите во ЕСП за животна средина и за социјални аспекти ќе бидат одговорни лица за спроведувањето на ПВЧ во текот на целокупниот проектен циклус и задолжени за комуницирање со заедниците.

И сите изведувачи задолжени за спроведување на конкретните активности на проектот ќе треба да спроведуваат одредени одредби од ПВЧ. Условите на механизмот за жалби ќе бидат утврдени со тендерската документација и со договорите што ќе се потпишат со изведувачите.

## 6.2 Предлог стратегија за објавување информации

Министерството за финансии има намера сите релевантни информации за ПЕЕЈС да и ги пренесува на јавноста (социјални медиуми, национални и локални ТВ и радио станици). Сите заинтересирани и погодени страни ќе можат да ги најдат следните документи на интернет страницата на МФ (www.finance.gov.mk) и на интернет страницата на општината (заемопримачот):

- ***Рамка за управување со животната средина и социјалните аспекти (РУЖССА) за ПЕЕЈС;***
- ***Рамка на политиките за раселување (РПР) за ПЕЕЈС;***
- ***План за вклучување на чинителите (ПВЧ) за ПЕЕЈС;***
- ***Инструменти за длабинска анализа на животната средина и социјалните аспекти што ќе биде развиена за секој потпроект (Првична ограничена проценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти – ОПВЖССА/Чек листи на Плановите за управување со животната средина и социјалните аспекти – Чек листи на ПУЖССА);***
- ***План на обврски за животната средина (ПОЖС)***
- ***Оперативното упатство на проектот.***

Овие документи ќе останат во јавниот домен за времетраењето на проектот. ПВЧ периодично ќе се ажурира.

Сите информации во врска со ПЕЕЈС и Фондот за ЕЕ ќе бидат достапни на интернет страницата на МФ и РБСМ како и на огласните табли, интернет страниците и социјалните медиуми на општините што служат како медиумски алатки/канали за комуникации со локалните жители. Ќе бидат ставени и информациите во врска со механизмот за жалби (види подолу). Чинителите, вклучувајќи ја и јавноста, ќе можат да го користат механизмот за жалби. Исто така, информациите во однос на постапката за жалби ќе бидат широко распространети низ погодените општини и погодените локални заедници.

Информациите пред и во текот на спроведувањето на проектот ќе бидат ставени на располагање преку брошури или летоци во општините и во регионите каде ќе се спроведуваат активностите. Поголем дел од општините имаат локални радио станици и информациите ќе се пренесуваат преку овие радио станици.

МФ и РБСМ, преку општините, ќе ~~биде~~ бидат ~~одговорно~~ одговорни за објавување на почетокот на проектот, на ПВЧ и на МПЖ така што заедницата би била свесна за каналите за поднесување на нивните жалби.

Во однос на условите на СБ за заштита на животната средина, за проекти што се класифицирани со **значителен ризик** ќе се подготви ОПВЖССА додека за проектите што се класифицирани со **умерен ризик** ќе се подготви чек листа на ПУЖССА.

Подготвените документи во однос на РЖССА и РПР и ОПВЖССА/чек листата на ПУЖССА за животната средина ќе бидат јавно достапни на интернет страницата на МФ за давање коментари во рок од 14 дена.

Ќе се организира јавна расправа за РЖССА и за РПР, а за потпроектите со значителен ризик/влијание, подготвената ОПВЖССА ќе се презентира на јавната расправа. Огласот за организирањето на јавната расправа за нацрт верзиите на РЖССА и на РПР ќе биде објавен во два дневни весници (на македонски и на албански јазик).

Настанот ќе се организира во текот на 14 дневниот период на достапност на РЖССА и на РПР или на ОПВЖССА. Ако е потребно, ќе се одржат одделни состаноци за да се осигури дека вклучувањето на чинителите е согласно родовата застапеност.

ЕСП од МФ ќе спроведува консултации со јавноста преку организирање јавни расправи. За таа цел треба да се подготви пакет на информации за проектот во кој треба да се содржани следните документи:

***Пакет информации за нацрт верзиите на РЖССА и на РПР:***

- Јавен оглас за организирањето на јавните расправи за подготвените РЖССА и РПР (објавен во два дневни весници на македонски и на албански јазик како и на интернет страницата на МФ и РБСМ);
- Нацрт верзијата на РЖССА и на РПР;
- Дневен ред на јавните расправи;
- Записник од јавните расправи;
- Конечна верзија на РЖССА и од РПР вклучувајќи го записникот од јавната расправа, списокот на учесници и јавите огласи.

***Пакет информации за нацрт верзиите на Првичната ограничена проценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти – ОПВЖССА за потпроекти со значителни ризици/влијанија:***

- Јавен оглас за организирањето на јавните расправи за подготвената ОПВЖССА;
- Нацрт *верзија на Ограничената проценка на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОПВЖССА) развиена за секој потпроект;*
- Образец за поднесување коментари и сугестии за ОПВЖССА за конкретното место на спроведување;
- Дневен ред на јавните расправи;
- Записник од организираните јавни расправи;
- Конечна верзија на ОПВЖССА вклучувајќи го записникот од јавната расправа, списокот на учесници и јавите огласи.
- Образец на жалба што ќе се користи во текот на изведбата на потпроектот.

***Пакет информации за нацрт верзиите на Чек листата на ПУЖССА за потпроекти со умерени ризици/влијанија:***

- Нацрт *верзија на Чек листата на ПУЖССА развиена за секој потпроект*;
- Образец за поднесување коментари и сугестии за Чек листата на ПУЖССА за конкретното место на спроведување;
- Конечна верзија на Чек листата на ПУЖССА врз основа на коментарите на чинителите;
- Образец на жалба што ќе се користи во текот на изведбата на потпроектот;

Пакетот информации ќе биде јавно достапен на македонски јазик, а за некои потпроекти и на албански јазик веднаш откако ќе биде изготвен, на интернет страниците на соодветните општини (на чија територија ќе се спроведува проектот), РБСМ (www.mbdp.com.mk) и на МФ (www.finance.gov.mk).

По 14 дневниот период за поднесување коментари на подготвените документи (РЖССА и РПР/ОПВЖССА/Чек листа на ПУЖССА) и по спроведената јавна расправа за РЖССА и РПР и ОПВЖССА, поднесените коментари ќе бидат вклучени во конечните верзии на релевантните документи и тие ќе бидат ставени на интернет страницата на МФ.

## 7 МЕХАНИЗАМ ЗА ЖАЛБИ

Согласно условите на ЕСС10 на Светска банка, за проектот ќе се воспостави конкретен механизам за жалби. Посебни материјали за комуникација (памфлети, постери за МПЖ) ќе бидат направени за да им помогнат на локалните жители да се запознаат со каналите и поплаките за изразување жалби. Ќе биде направен и Водич/упатство за МПЖ и во секоја погодена општина ќе бидат поставени кутии за сугестии. За да се бележат и следат жалбите примени за проектот, се планира специјален Менаџмент информационен систем/база на податоци/регистар за МПЖ. На интернет страниците ~~ата~~ на МФ и РБСМ ќе бидат дадени јасни информации за тоа како чинителите можат да поднесуваат одговори, прашања, коментари, загриженост и жалби и ќе се даде можност за електронско поднесување на жалбите. Ќе се дадат и информации за начинот на кој работи комисијата на МПЖ, како во однос на процесот така и на роковите.

ЕСП во рамките на МФ, како и ЕСП/Секторот за Фондот за ЕЕ во рамките на РБСМ- ќе спроведе механизам за жалби за да осигури дека ќе има одговор на сите загрижености и поплаки, особено од погодените чинители и заедници. Механизмот за жалби ќе биде спроведен за да се осигури дека ЕСП/изведувачот одговараат на сите загрижености и поплаки од погодените чинители и заедници.

ЕСП ќе ги применува следните чекори во постапувањето по жалбите:




Сите коментари или загрижености може да и се претставаат на компанијата во усна или во пишана форма (по пошта или по електронска пошта) или преку пополнување на образец на жалба. Образецот на жалба ќе биде ставен на располагање во канцелариите на општините што се лесно достапни за сите релевантни чинители, заедно со опис на механизмот за жалби како и на градилиштата.

Ќе се користат следните рокови:

- ✓ Пишана потврда за приемот на жалбата: во рок од 5 дена од приемот на жалбата;
- ✓ Предлог решение: во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

Конкретно, назначените и обучените вработени ќе ги евидентираат информациите за жалбите во дневник на жалби. Тој ќе содржи:

- Име и детали за контакт на чинителите;
- Детали за жалбата и како и кога е поднесена, примена, одговорена и затворена.

За секоја Првична ограничена проценка на влијанијата и за секоја Чек листа на ПУЖССА во рамките на МТСП ќе се подготви **Образец за поднесување коментари и сугестии на ОПВЖССА/Чек листата на ПУЖССА** (Анекс 1) и овој образец ќе биде објавен заедно со подготвената ОПВЖССА за секоја општина.

Заради добивање коментари од чинителите, ЕСП ќе подготви **Образец на жалба за фазата на изведба ба проектот** што ќе биде достапен во печатена и во електронска форма. Печатената верзија ќе биде достапна на градилиштата во секоја општина каде ќе се спроведуваат градежните активности.

Образецот на жалба за фазата на изведба на проектот (Анекс 2) ќе биде објавен на:

- Интернет страниците на Министерството за финансии (http://www.finance.gov.mk/), РБСМ и на соодветните општини, каде ќе се спроведуваат активностите на проектот и
- Достапните печатени примероци во просториите на соодветните општини (кога ќе почнат работите на изведба) и во просториите на месните заедници, сместени во близина на местото на изведување на проектот;

Жалбата може да се поднесе и директно до изведувачот кој сите примени загрижености/коментари ќе ги проследи до ЕСП/Сектор за Фондот за ЕЕ во рамките на РБСМ и ЕСП ПЕЕЈС без одлагање за и овозможи на ЕСП (во МФ) понатаму да ги обработи загриженостите/коментарите (т.е. да го верификува, потврди приемот на жалбата во подолу дефинираните рокови). Изведувачот е обврзан да ја предаде жалбата – да им го објасни механизмот за жалби на засегнатите граѓани/локалното население и да го проследи пополнетиот образец на жалба до ЕСП, но и да ги преземе сите предложени коректривни активности за да реагира по добиените жалби.

Сите жалби би биле евидентирани во ЕСП/Сектор за Фондот за ЕЕ во рамките на РБСМ и ЕСП ПЕЕЈС во регистарот на жалби и би им бил доделен број и би биле потврдени во рок од 15 календарски дена. Регистарот ќе ги има сите потребни елементи за да ги подели жалбите по род на подносителот како и по видови на жалби. Секоја жалба ќе биде евидентирана во регистарот со следните информации: а) опис на жалбата; б) датум на приемот на жалбата и кога се вратила потврдата на жалбата; в) опис на преземените активности (истрага, коректривни мерки и превентивни мерки); г) датум на решавањето и на затворањето и давањето одговор на жалбата.

Во случаите кога жалбата/поплаката е нејасна или недоволно јасна, ЕСП ќе помогне и ќе даде совети за формулирањето/преформулирањето на поднесокот за жалбата/поплаката да стане јасна; заради донесување одлука заснована на информации од страна на ЕСП, во најдобар интерес на страните погодени од проектот.

Ако ЕСП не може да ги разреши покренатите прашања со брзи коректривни активности ќе се утврдат долгорочни коректривни активности. Подносителот ќе биде известен за предложените коректривни активности и следните активности во рок од 25 календарски денови од приемот на жалбата. Во ситуации кога ЕСП не може да разреши одредено прашање покренато преку механизмот за жалби или кога не е потребно постапување, ќе даде детално образложение зошто не е разрешено прашањето. Одговорот ќе содржи и објаснение како лицето/организацијата што ја поднело жалбата може да продолжи со неа во случај да не е задоволно со исходот. Подносителите секогаш можат да бараат други правни лекови во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, вклучувајќи и поведување формална судска постапка.

За работниците што ќе бидат вклучени во спроведувањето на активностите на проектот ќе биде воспоставен посебен механизам за жалби.

Одделен механизам за жалби ќе бие воспоставен за работниците и преку него тие ќе можат да пријават дискриминација на работното место врз основа на род со особено внимание на сексуалното вознемирување. Конкретно, ќе се стави акцент на градењето на свеста и жешката линија на МПЖ за родово насилство и за злоупотреба на работното место на работничките (како на градилиштето така и на зградите што се опфатени со проектот). Ќе има жешка линија за пријавување на родово насилство и таа ќе биде изложена на градилиштето и на места како тоалетите. Ќе има и дискусии за подигање на свеста како со мажи така и со жени во однос на соодветното однесување на работното место.

*Огласни табли во општините и на градилиштата*

На огласните табли во секоја општина на локалното население/работниците ќе им се даваат информации за активностите за вклучување на чинителите, најнови вести за изведбата, податоци за контакт за изведувачите итн. Изведувачите ќе поставaт информативни пултови на видливо и лесно достапно место на градилиштата каде ќе можат да се состануваат и да споделуваат информации за проектот и да примаат жалби.

## 7.1 Дневник на жалби

Фокусните точки за жалби ќе водат локални дневници на жалби за да осигурат дека секоја жалба има поединечен референтен број и соодветно се следи и се извршуваат забележаните активности. Кога се добива фидбек, вклучувајќи и жалба, се дефинира:

- Видот на жалбата;
- Категоријата на жалбата;
- Лицата одговорни за извршување на жалбата;
- Рокот за решавање на жалбата;
- Договорениот акционен план.

Специјалистите во ЕСП за животна средина и за социјалните аспекти и фокусните точки ќе осигурат дека секоја жалба има поединечен референтен број и дека соодветно се следи и дека забележаните активности се завршени. Дневникот треба да ги содржи следните информации:

- Име на ЛПП, неговата/нејзината локација и деталите за неговата/нејзината жалба;
- Датум на пријавување на жалбата;
- Датум кога дневникот на жалби е ставен во базата на податоци на проектот;
- Детали за предложените корективни активности, име на органот што ги одобрува;
- Датум кога предложената корективна постапка е испратена до подносителот (ако е соодветно);
- Детали за состанокот на Комисијата за жалби (ако е соодветно);
- Датум кога е затворена жалбата;
- Датум кога одговорот е испратен до подносителот на жалбата.

## 7.2 Следење и известување за жалбите

Следењето и оценката на процесот на вклучување на чинителите е важно за да се осигури дека РБСМ и МФ е способно да одговори на утврдените прашања и да ги промени распоредот и природата на активностите за вклучување со што ќе ги направи поефективни. Следните карактеристики/обврски/активности ќе помогнат во постигнувањето успешно вклучување:

- Доволно ресурси за преземање на ангажманот;
- Инклузивност (инклузија на клучните групи) на интеракциите со чинителите;
- Промоција на вклучувањето на чинителите;
- Чувство на доверба во МФ покажано од сите чинители;
- Јасно дефинирани пристапи и
- Транспарентност на сите активности.

ЕСП има обврска да подготвува извештаи од следењето.
Првиот извештај ќе биде Полугодишниот извештај за аспектите на животната средина и социјалните аспекти и извештаите од јавните расправи.
Теренските координатори ќе бидат одговорни за:

- Прибирање податоци од градилиштата за бројот, содржината и состојбата на жалбите и нивно ставање во единствената регионална база на податоци;
- Водење на дневниците на жалби за жалбите примени на регионално ниво;
- Следење на спорните прашања и предлагање мерки за нивно разрешување;
- Поднесување тримесечни извешти за МПЖ до специјалистите во ЕСП за животна средина и за социјални аспекти.

Специјалистите во ЕСП за животна средина и за социјални аспекти ќе бидат одговорни за:

- Сумирање и анализирање на квалитативните податоци добиени од теренските координатори за бројот, содржината и состојбата на жалбите и нивно ставање во единствената база на податоци на проектот;
- Следење на спорните прашања и предлагање мерки за нивно разрешување;

ЕСП во рамките на МФ до СБ ќе поднесува двегодишни извештаи врз основа на извештаите кои ќе ги добие од ЕСП/Сектор за Фондот за ЕЕ во рамките на РБСМ што ќе содржат дел поврзан со МПЖ во кој ќе бидат дадени ажурирани информации за:

- Состојбата на спроведувањето на МПЖ (постапки, обука, кампањи за јавна свест, буџетирање итн.);
- Квалитативните податоци за бројот на примени жалби/(апликации, сугестии, поплаки, барања, позитивни одговори), нагласувајќи ги оние жалби што се поврзани со ЕСС 2 и 5 на СБ и бројот на разрешени жалби;
- Квантитативни податоци за видот и одговорите по жалби, покренати прашања и жалби што останале неразрешени;
- Ниво на задоволство со преземените мерки (одговори);
- Сите преземени корективни мерки.

Менаџерот за односи со заедницата/врски, ако се ангажира, би бил одговорен за:

- Воспоставување добри врски со сите утврдени чинители;

- Организирање на јавни расправи за потпроектите;
- Забележување на коментарите на чинителите за потпроектите и евидентирање на нивните жалби;
- Подготвување полугодишни извештаи и нивно поднесување до директорот на проектот.

ЕСП ќе биде одговорна за следење на сите активности за вклучување на чинителите поврзани со проектот, за обезбедување пополнување и ажурирање на овој ПВЧ и известување на чинителите.

### 7.3 Службата на Светска банка за надоместување по жалби

Заедниците и поединците коишто веруваат дека се неповолно погодени од проект поддржан од Светска банка (СБ) може да поднесат жалби до постојните механизми за надоместување по жалби на ниво на проект или со Службата на СБ за надоместување по жалби (СНЖ). Оваа СНЖ осигурува дека примените жалби веднаш се разгледуваат за да се разрешат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и поединците погодени со проектот можат да ги поднесуваат своите жалби до Независниот инспекциски панел на СБ кој определува дали се случила или би можела да се случи штета, како резултат на непридржувањето на СБ на своите политики и постапки. Жалбите можат да се поднесуваат во секое време и откако загриженоста директно ќе и се предочи на Светска банка и на менаџментот на Светска банка  му се дала можност да одговори. Информации како се поднесуваат жалби до корпоративната Служба за надоместување по жалби (СНЖ) можете да најдете на *http://www.worldbank.org/en/projects- operations/products-and-services/grievance-redress-service*. Информации за тоа како се поднесуваат жалби до инспекцискиот панел на Светска банка можете да најдете на *www.inspectionpanel.org*

## 8 Уредување на спроведувањето на вклучувањето на чинителите

### 8.1 Уредување на спроведувањето

Спроведувањето на ПВЧ ќе се спроведе преку Единицата за спроведување на проектот (ЕСП). Со ЕСП раководи директорот на проектот кој е одговорно лице за целокупното спроведување на ПЕЕЈС. Специјалистите за животна средина и за социјални аспекти се одговорни лица за спроведување на ПВЧ во текот на целокупниот проектен циклус и се задолжени да комуницираат со заедниците. Одговорното лице за односи со заедницата/менаџерот за врски, ако е потребен, им помага на специјалистите за животна средина и за социјални аспекти задолжени за комуницирање со чинителите.

И сите изведувачи задолжени за спроведување на конкретните активности на проектот ќе треба да спроведуваат соодветни одредби од ПВЧ. Условите за механизмот за жалби ќе бидат утврдени во тендерската документација и во договорите што ќе се потпишат со изведувачите.

### 8.2 Улоги и одговорности

Управувањето, координацијата и спроведувањето на ПВЧ и неговите составни задачи ќе бидат одговорност на специјалистите во ЕСП за животна средина и за социјални аспекти.

# 9 Управувачки функции

Министерството за финансии на Република Северна Македонија е главната одговорна институција за спроведување на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, додека РБСМ е одговорната институција за спроведување на Компонентата 3.

Единицата за спроведување на проектот (ЕСП) е формирана за потребите на спроведувањето на МСИП/МСИП 2 и ќе продолжи со спроведувањето на ПЕЕЈС. Таа е сместена во просториите на Министерството за финансии, екипирана е со стручни лица/специјалисти од следните профили: градежни инженери, стручни лица за заштита што ќе помагаат во прашањата на заштитата на животната средина и социјалните аспекти, вработени задолжени за фидуцијарни работи (стручни лица за финансии и за набавки), административен асистент, преведувач/технички секретар итн. ЕСП е одговорна за целокупното спроведување, планирање и координација на проектот, набавките, следењето на активностите на проектот и известувањето за ПЕЕЈС. РБСМ ќе основа посебна ЕСП/Сектор за Фондот за ЕЕ која ќе биде одговорна за спроведувањето на Компонента 3 од ПЕЕЈС.

Анекс 1 Образец за поднесување на коментари

**Образец за поднесување коментари и сугестии на Ограничена проценка на влијанијата/Чек листата на ПУЖССА)**

**Главен опис на проектот**

**Електронската верзија и печатената верзија на (Име на документот) се достапни на:**

- Предлагач на потпроектот (интернет страница)
- Огласна табла на предлагачот на проектот
  Лице за контакт:
  Адреса:
  Телефонски број:
  Електронска пошта:
- Канцеларијата на проектот (интернет страница)
  Лице за контакт:
  Адреса:
  Телефонски број:
  Електронска пошта:

**Доколку имате некакви коментари/сугестии или измени на предложените мерки на (Име на документ), ве молиме доставете ги до одговорните лица од Списокот во периодот од 14 дена пред објавувањето на (Име на документот)**
**(датум на објавувањето: ……. )**

**Ве молиме, доставете ги вашите коментари (сиви полиња) за подобрување на (Име на документот) до наведената адреса за електронска пошта за одговорните лица за спроведување на проектот (одговорно лице од ЕСП за комуницирање со чинителите)**

**Референтен број: ________________________________**
(пополнува одговорното лице за спроведување на проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое го дава коментарот *** | |
| **Информации за контакт *** | **Електронска пошта:**<br><br>**Телефонски број:** |
| **Коментар:** | |
| **Потпис** | **Датум** |

Анекс 2 Образец на жалба за фазата на изведба ба проектот

| Референтен број | |
|---|---|
| Цело име и презиме (незадолжително)<br>☐ Сакам да ја вложам мојата жалба анонимно.<br>☐ Барам да не се објавува мојот идентитет без моја согласност. | |
| Информации за контакт<br><br>Ве молиме означете како сакате да бидете контактирани (електронска пошта, телефон, пошта). | ☐ По пошта: ***Ве молиме наведете ја адресата:***<br>__________________________________________________________<br>______________<br>☐ По телефон: __________________________________________<br>☐ По електронска пошта |
| Јазик на комуникација кој го претпочитам | ☐ Македонски<br>☐ Албански<br>☐ Друго: ____________________ |
| Род | ☐ Женски<br>☐ Машки |
| | |
| Опис на случајот кој довел до жалбата | Што се случило? Каде се случило? Кому му се случило? Каков е резултатот од проблемот? |
| | |
| Датум на случката / жалбата | |
| | ☐ Еднократна случка / жалба (датум _________________)<br>☐ Се случило повеќе од еднаш (колку пати? _______)<br>☐ Во тек (тековно се соочувам со проблемот) |
| | |
| Што би сакале да се направи? | |
| | |

Потпис: _________________________________

Датум: _________________________________

*Ве молам вратете го овој образец до:*

До: ____________________

Електронска пошта: _________________________

Проект за енергетска ефикасност на јавниот сектор / РБСМ
Министерство за финансии
Ул. Даме Груев 12, 1000 Скопје, Р. С Македонија
/ ул. Димитрие Чуповски бр. 26, 1000 Скопје, Северна Македонија